


**ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА ИЗРАЕЛ ДЕНЕС**

**Според монографското дело „Израел и Македонија“ на Славе Катин, а во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“, од Скопје и Фондација „Ѓорѓија –Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, 2017, 1-376, (на англиски, македонски и хебрејски), авторовото п атувањето во Израел беше дел од неговите посети на педесетина различни земји ширум светот**

Во ова дело, меѓу другото, се вели дека Израел е суверена држава во Западна Азија. Земјата е сместена на Блискиот Исток на југоисточниот брег на Средоземното Море и на северниот брег на заливот Акаба во Црвеното Море. Таа граничи со Либан на север, со Сирија во североисточниот дел, со Јордан на исток, со палестинските територии (за кои се тврди од страна на државата Палестина дека се делумно под контрола на Израел) и Египет на југозапад.

Израел има географски различни карактеристики во рамките на релативно малиот

простор. Финансиски и технолошки центар на Израел е градот Тел Авив, додека Ерусалим е самоназначен главен град, кој не е признат од Обединетите нации, но е најнаселен град и е под владината администрација на земјата.

Во текот на нашиот престој од пишаните документи бевме информирани дека на 29 ноември 1947 година, Генералното собрание на Обединетите нации препорача усвојување и имплементација на Планот за поделба за Палестина. Овој план на ОН ги утврди границите за новите арапски и еврејски држави, а е одредена и површината на Ерусалим и неговата околина која требаше да биде спроведена од страна на ОН под меѓународна контрола. Британскиот мандат за Палестина заврши на полноќ на 14 мај 1948 година. Тој ден, Давид Бен-Гурион, извршниот шеф на Ционистичката организација и претседател на Еврејската агенција за Палестина, прогласи формирање на државата Израел.

Според Државниот завод за статистика на Израел, на пописот во 2014 година, бројот на населението во Израел изнесувал 8.146.300 жители. Со 6.212.000 граѓани или 74,9% таа е држава со најбројно еврејско мнозинство во светот кое се регистрирало како Евреи. Втората поголема група граѓани која ја сочинуваат  Арапите, брои 1.718.400 жители, а другиот дел се христијани и други народи.

Според основните закони, Израел се дефинира како еврејска и демократска држава. Израел е претставник на демократијата со парламентарен систем и пропорционална застапеност на универзалното право на глас. Премиерот е шеф на Владата и Кнесетот како законодавно тело. Израел е развиена земја и членка на ОЕЦД. Таа беше на 37. место во светската економија по номинален бруто-домашен производ во 2014 година.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**